**Сојуз на Композиторите на Македонија**

Музичка научна манифестација

# „СТРУШКА МУЗИЧКА ЕСЕН“

**10 - 12 Септември, 2010**

Струга,
Република Македонија

Музичко-научна манифестација
СТРУШКА МУЗИЧКА ЕСЕН

10-12 септември 2010

Организатор:
Сојуз на композиторите на Македонија
Претседател: Марко Коловски
Селектор: Велика Стојкова Серафимовска

Техничка организација:
СОКОМ - техничка служба
Дизајн на корица: Мето Ачевски

Подржана од Министерството за култура на Република Македонија

# Содржина:

**Вовед** .................................................................... **4**
**Програма** .................................................................... **5**
**Абстракти** ..................................................................**11**
**Листа на учесници**.....................................................**29**

# ВОВЕД

Проблемот на презентација на македонското музичко творештво на еден поорганизиран начин стана особено актуелен во шеесеттите и почетокот на седумдесеттите години, односно во времето кога тоа и по обем, и по разновидност и по квалитет заслужуваше интегрална презентација. Соодветно на постојаното збогатување на опусот на македонските композитори со дела од сите жанри и соодветно на растежот на нашата изведувачка уметност се јавуваат првите размисли за манифестација што всушност би била смотра на македонската музичка продукција и репродукција. Во 1973 година за прв пат во Сојузот на композиторите на Македонија се спомнува идејата за организирање на "Денови на македонската камерна музика". Сепак идејата не можеше да биде реализирани, а како соодветна компензација, благодарение на иницијативата на Сојузот на композиторите на Македонија во 1975 година беше покрената манифестацијата "Струшка музичка есен".

Од тогаш до денес Струга беше домаќин на многу наши автори и изведувачи, и на наши и странски музиколози. Имено, првите години "Струшката музичка есен" беше изведувачко-творечка и научна манифестација. Во нејзини рамки беа претставени голем број од новосоздадените композиции на македонските автори, а на музиколошките сеанси започна расветлувањето на македонското музичко минато и беа анализирани современите текови на македонската творечка мисла.

Со појавата на "Деновите на македонската музика" и со материјалните тешкотии со кои почна да се судира македонската култура дојде до редукција на програмските содржини на Струшката музичка есен. Акцентот беше ставен врз работата на музиколошкарта секција, а презентацијата на творештвото и изведуваштвото беше препуштена на Деновите на македонската музиика.

Музиколошката секција оствари значајни резултати. Голем број на рефератите поднесени во Струга значеа исклучителни научно-истражувачки потфати што фрлаа светлина врз неоткриените пластови на нашето музичко минато. Дел од овие регферати, особено од првите години на работа на симпозиумот беа публикувани во списанието "Македонска музика". За жал, неговото излегување запре, така што презентираните трудови останаа достапни само за најтесните стручњаци од ова област.

Од 2007 година целосната организација на СМЕ ја презеде Сојузот на композиторите на Македонија. Веќе наредната, 2008 година, во рамките на СМЕ се одржа Првиот симпозиум на Групата за музика и танц во Југоисточна Европа при Светскиот совет за музика и танц на кој учествуваа над 50 научници од целиот свет.

# ПРОГРАМА

## Петок, 10 Септември, 2010

**19.00 Свечено отворање**

**Црква „Св. Ѓорѓија“ Струга**

Поздравен говор на Марко Коловски, Претседател на СОКОМ
Поздравен говор на Велика Стојкова Серафимовска, Селектор на СМЕ 2010

Концерт на Црковниот хор „Калистрат Зографски“

## Сабота, 11 Септември, 2010

**Хотел „БЕОГРАД“**

**09.00 - 11.00**

| | |
|---|---|
| **Тема** | **Македонска музика – проблеми и перспективи** |
| **Претседавач** | **Марко Коловски** |

1. **Ивона Опетческа Татарчевска**
   „Интелектуалната сопственост и традиционалните културни експресии“
2. **М-р Валентина Велковска Трајановска**
   „Македонски композитор – актуелни состојби“
3. **Марко Коловски**

**Коментари и дискусија**

*11.00 – 11.30 Пауза за кафе*

**11.30 - 13.30**

| | |
|---|---|
| **Тема** | **Музикологија** |
| **Претседавач** | **Стојан Стојков** |

1. **М-р Мирјана Павловска Шулајковска**
   „Влијанието на гудачкиот квартет „Гајдов“ во развојот на изведувачката дејност во областа на камерната музика во Македонија“
2. **М-р Тихомир Јовиќ**
   „Полифонијата во фугата на тема D S C H + B A C H

(hommage à D S C H) од Властимир Николовски“

3. **М-р Ленче Насев**
„Музичката форма на Ораториумот „Похвала Кирилу и Методију“ од Томислав Зографски – синтеза на музичките традиции“

4. **М-р Невенка Трајкова**
„Интерпретацијата и комплементарноста како проблем во ансамбловото музицирање (на солистички инструмент со придружба на пијано), поставени од композиторските принципи и карактеристики на современите македонски композитори“

**Коментари и дискусија**

***14.00 – 15.00 – Ручек***

**15.00 – 17.00**

| | |
|---|---|
| **Тема** | **Музичка педагогија - Проблеми и перспективи** |
| **Претседавач** | **Валентина Велковска Трајановска** |

1. **Д-р Соња Здравкова Џепаровска**
„Високото балетско образование во Македонија“

2. **М-р Александар Трајковски**
„Примената на асоцијациите во наставата по Солфеж“

3. **М-р Владимир Талевски**
„ “

**Коментари и дискусија**

***17.00 – 17.30 – Пауза за кафе***

**17.30 - 19.30**

| | |
|---|---|
| **Тема** | **Медиавистика** |
| **Претседавач** | **Јане Коџабашија** |

1. **Д-р Михајло Георгиевски**
„Поглед кон животот и дејноста на Иван Стојков – истакнат македонски црковен псалт од Кочани (по повод 155 години од неговото раѓање)“

2. **Д-р Јане Коџабашија**
„Принципот на сродност на црковното и народното пеење"

3. **Марко Коловски**
„Во чест на Атанас Бадев .... ??????????? "

**19.30 – 20.00**

***Основање на Национален комитет на ICTM во Македонија***

***20.30 – Вечера***

## Недела, 12 Септември, 2010 | Хотел „БЕОГРАД“

**09.00 - 11.00**

| | |
|---|---|
| **Тема** | **Етномузикологија<br>- Современи проблеми и перспективи** |
| **Претседавач** | Д-р Родна Величковска |

1. **М-р Бранка Костиќ Марковиќ**
   "Новиот патриотизам и македонската новосоздадена песна"
2. **Д-р Младен Марковиќ**
   „Кон музичката корпускула како основ за музичко-формалната анализа на инструменталната традиција"
3. **Д-р Родна Величковска**
   „Картографирањето и ареалните истражувања во етномузикологијата"

***11.00 – 11.30 – Пауза за кафе***

**11.30 - 12.30**

| | |
|---|---|
| **Тема** | **Музикологија** |
| **Претседавач** | Стојан Стојков |

1. **Д-р Денко Скаловски**
   „Некои идејно-естетски аспекти на творештвото на Трајко Прокопиев"
2. **Дојрана Прокопиева**
   „Хорското творештво на Трајко Прокопиев"

**12.30 – 13.30**

**Завршна дискусија**

# АБСТРАКТИ

**Ивона Опетческа Татарчевска**

## *Интелектуалната сопственост и традиционалните културни експресии*

Светската асоцијација за заштита на интелектуалната сопственот (WIPO) неколку децении разработува механизми за заштита и патентирање на интелектуалната сопственост во сферата на нематеријалното културно наследство. Препознавајќи ги елементите од традиционалните културни експресии (фолклорот) за идна благосостојба и одржлив развој на националните култури и традиционалните заедници, WIPO подготвува Водич за имплементација на правната заштита во оваа сфера.

Сéвкупниот систем за заштита на интелектуалната сопственост, пред сé на уметничката сопственост во Република Македонија е под јурисдикција на Министерството за култура на Република Македонија и се обезбедува преку 11 домашни, 18 ратификувани меѓународни акти, еден договор со Светската Трговска Организација, како и 7 директиви на Советот на Европа.

Заштитата на интелектуалната сопственост во сферата на традиционалните знаења и традиционалните културни експресии (нематеријалното културно наследство), подразбира комплементарна имплементација на погоре споменатите акти во корелација со матичните облигациони закони и конвенции како што се: Конвецијата за заштита на нематеријалното културно наслество (Париз 2003), Конвецијата за културните различности (Париз 2005) како и: Законот за заштита на културното наследство (2004, 2007) и секако Законот за авторски и сродни права (верзија 2005).

Во тој контекст, овој труд се насочува кон отворање на стручна и научна расправа за оправданоста на ваквите тенденции како и за можните пристапи кон заштитата и патентирањето на културни производи од сферата на традиционалната култура.

**м-р Валентина Велковска Трајановска**

## *Македонски композитор - актуелни состојби*

- Значењето на композиторот во општествено-културното живеење на една земја, од историски и културолошки аспект;
- Значењето на композиторот во формирањето и продолжувањето на музичкиот историски континуитет, т.е. македонската национална музичка историја;
- Образованието и предностите или препреките при оформувањето на профилот - композитор;
- Иднината на композиторот - можностите за изведба на неговите дела во нашата земја, потребата за егзистенција - можностите за работни ангажмани;
- Крајна цел на истражувањето е расветлувањето на аспектите на мотивација и инспирација на македонскиот современ композитор за создавање на големи дела (опери, ораториуми, балети, симфонии...);
- Преку анализите може да се заклучи дека македонскиот композитор скоро воопште не е мотивиран (освен личната инспирација) за создавање на обемни дела поради што се повеќе се збогатува само фондот на камерни или солистички дела.

**м-р Мирјана Павловска Шулајковска**

## *Влијанието на гудачкиот квартет "Гајдов" во развојот на изведувачката дејност во областа на камерната музика во Македонија*

Во репродуктивната свера на македонската музичка уметност, значајно место зазема делувањето на гудачкиот квартет „Гајдов".
Овој ансамбл е формиран во 1989 година и се до 1992 година работи под покровителство на Македонската Радио – Телевизија. Од овој период, тој е самостоен камерен состав и се именува според македонскиот композитор припрадник на првата генерација македонски современи музички творци Стефан Гајдов, кој воедно е и автор на првиот македонски гудачки квартет.

Од основањето па се до денес квартетот „Гајдов" остварува повеќе концерти во земјата и во странство.

Во поголем дел репертоарот на овој квартет го сочинуваат дела од епохата на музичкиот класицизам, романтизам како и дела од 20 век.

Квартетот „Гајдов" во својата дејност посебно внимание насочува кон македонското музичко творештво и постојано со голем успех изведува композиции од македонски автори.

За нивниот настап во Рим во 1995 година рецензентот Флавио Пескосолидо забележал: „...Квартетот ја почести публиката со една сјајна и

вешта изведба на композиции од македонскиот репертоар. Предходно, по традиција беа исполнети дела од големите класичари на музиката Хајдн и Бетовен. Изведбите на нивните дела во првиот дел од програмата покажаа дека квартетот „Гајдов“ на нему својствен начин успел да достигне една динамичка и полифона рамнотежа...Но, највисокиот врв на чувственост кватретот „Гајдов“ го достигна преку извонредната изведба на композиции од македонски автори...Многубројната публика со воодушевување го прифати изборот на концертната програма, искажувајќи ја со бројни ракоплескања, надежта наскоро повторно да ги чуе извонредните музичари...“.

Во овој труд, низ неколку аспекти ќе се овозможи приказ на делувањето на овој истакнат македонски гудачки квартет.

**м-р Тихомир Јовиќ**

## *Полифонијата во фугата на тема D S C H + B A C H (hommage à D S C H ) од Властимир Николовски*

Случувањата во европската музика во XX век, иако со задоцнување, наоѓааат одраз и во македонското музичко творештво. Имено, започнувајќи го во повоениот период својот развој во современи услови, македонсите композитори појавуваат стремеж за побрзо и поуспешно вклучување во сите текови на модерниот музички израз. Во контекст на ова, навраќањето кон полифонијата како изразно средство во уметничкото музичко творештво на XX век, особено во периодот на неокласицизмот (необарокот), одигрува влијание и во македонското музичко творештво. Иако музикологијата и музичката публицистика разгледуваат и разработуваат низа прашања што се однесуваат како за досегашниот развој така и за сегашните состојби на музичката уметност во Македонија, евидентен е недостигот од аналитички трудови кои би го разгледале прашањето на полифониот слог во творештвото на повеќе значајни македонски композитори. Од тие причини ја предлагаме горенаведената тема која се надеваме ќе даде мал придонес кон расветлувањето на пристапот на Властимир Николовски кон полифониот слог. Инспириран од баховото творештво, но и од современиот третман на формата на фугата и на полифоните техники воопшто од страна на композиторите на XX век, В. Николовски ја компонира својата единствена самостојна фуга за пијано. Базирајќи се на нормативниот метод и компаративната анализа ќе бидат разгледани следниве компоненти: слог и фактура, форма, примената на полифониот слог како основа за изградба

на полифона форма, видот на полифонија, полифоните техники, карактеристиките и конструкцијата на тематските материјали, модалните системи и модалниот план, каденци, верикалните структури и сл.

**м-р Ленче Насев**

***Музичката форма на Ораториумот „похвала Кирилу и Методију“ од Томислав Зографски – синтеза на музичките традиции***

Ораториумот Похвала Кирилу и Методију од творечкиот опус на композиторот Томислав Зографски се издвојува како посебна творба карактеристична по својот обемен изведувачки апарат – бас, рецитатор, три мешани хора и оркестар. Исто така, во ова дело е специфична сложеноста на музичката замисла, употребата на старословенскиот јазик и невообичаениот спој на изразни елементи од различно стилско потекло.
Синтезата на традиции се назира уште од самиот наслов – Похвала Кирилу и Методију – ораториум.

- Похвала – форма и литературен жанр од православната христијанска традиција;
- Ораториум – музички жанр на западноевропската професионална музичка традиција врз основа на црковниот жанр – пасија според текст од житието за Исус.

Композиторот во ова дело на свој индивидуален начин врши синтеза на фолклорната, црковната и професионалната традиција. Во овој труд ќе бидат разгледани музичките модели преку анализа на музичката форма и формообразувачките изразни средства.

**м-р Невенка Трајкова**

***Интерпретацијата и комплементарноста како проблем во ансамбловото музицирање (на солистички инструмент со придружба на пијано), поставени од композторските принципи и карактеристики на современите македонски композитори.***

- Тенденции во современата македонска музика – општ преглед врз развивањето на камерноинструменталните жанрови.
- Идејата за метроритмичната комплементарност и синхронот како аспекти на интерпретацијата
- Соодносот на солоинструмент-пијано како проблем на мелодиката и метроритмичната соработка на двата инструмента

Развојот на камерни и инструментални жанрови е еден од основните феномени, кога станува збор за еволуција во одредена национална култура. Во тој смисол тенденциите - како во македонската, бугарската, српската, словенската, грчката музика се неповторливи.

Премногу важен е контекстот на XX век, во кој се наметнуваат можните влијанија на одредени традиции: на рецепцијата на германската и австриска инструментална и професионална парадигма на музичката култура или на француската композиторска школа, исто така и влијанијата од руската или на некои централни трендови. XX век предизвикува различни видови "модернизам во уметноста“ (експресионизам, 12тонови школи(додекафонија), Надреализам и др); во исто време фолклорната уметност и разбирањето за национален музички јазик е меѓу централните позиции, кои во 30-те години се етаблирани од автори како Барток, Кодај , Стравински, Мартину.

Употребата на комплементарноста во хомофоните творби или барем нејзиното спонтано учество, како и самата интерпретацијата, синхронот и се друго се проблеми, скоро целосно пренебрегнати од теоријата .

**д-р Соња Здравкова-Цепаровска**

## *Високото балетско образование во Македонија*

Во пресрет на отворањето на високообразовна институција која ќе едуцира кадри од танцовата сфера излагањето тендира да ги нотира состојбите, проблемите и проекциите во оваа сфера. Особено внимание ќе се посвети на развојот на балетското образование на сите нивоа од неговото конституирање па се до денес со осврт на најзначајните развојни циклуси (основање на нижо и средно балетско образование, формирање на нови смерови и наставни насоки и факултетски студии). Ќе бидат изложени формите на едукација, насоките и организацијата која го претпоставува овој завршен сегмент од едукацијата на кореографскиот односно педагошкиот кадар, осврнувајќи се на поставеноста и приоритетите зацртани со едукативните програми. Завршен дел кој ќе се фокусира на очекуваните резултати и ќе изврши анализа на квалитативните промени кои треба да се очекуваат со отворањето на овој

вид на студиски програми.

**м-р Александар Трајковски**

### *Примената на асоцијациите во наставата по Солфеж*

Според теориите на современите психолози и педагози, засновани пред се врз сопствени научни истражувања, поимот асоцијација претставува важен фактор во наставниот процес. Врз основа на нивната примена, најмногу може да се запознава непознатото, а потоа, преку меморирањето, истото да биде трајно зачувано во човековата свест. Тие претставуваат чувствителна и сложена материја, чие употребување може да предизвика и негативни резултати, доколку истото биде извршено нестручно, неосмислено и невнимателно. Затоа, во процесот на нивното користење, главна улога има самиот педагог.
Аналогно на општата педагогија, асоцијациите наоѓаат примена и во музичката педагогија. Нив, уште во средниот век ги употребувал музичкиот теоретичар Гвидо од Арецо, поставувајќи ги имињата на тоновите (според почетните слогови од химната за Св. Јован). Во оваа прилика, ќе се осврнеме на примената на асоцијациите во современата настава по солфеж, посебно задржувајќи се на нивната употреба во совладувањето на читањето на нотниот текст, обработката на мелодиката, ритмиката и интервалите.

**д-р Михајло Георгиевски**

### *Поглед кон животот и дејноста на Иван Стојков - истакнат македонски црковен псалт од Кочани ( по повод 155 години од неговото раѓање)*

Иван Стојков е истакнат црковен псалт, или како што тој сам се нарекува „черковен певец“, автор е на неколку печатени книги и еден нотиран музички ракопис. Поседувал вонредно убав глас и истанчен слух. Пеел во црквите во Кочани и Велес како и во манастирите „Св. Пантелејмон“ во с.Пантелеј - Кочанско и во Осоговскиот манастир кај Крива Паланка.

**д-р Јане Коџабашија**

## *Принципот на сродност на црковното и народното пеење*

Поимот глас (гр. х9цој) има централно место во теоријата и практиката на византиската црковна музика. Има поливалентно значење и претставува синтеза од повеќе елементи: скалата и музичкиот род на којшто таа му припаѓа, основниот тон на напевот, каденците и мелодиските формули за каденцирање и др. Иако некои теоретичари го наречуваат црковен глас, тој не е пронајдок на црковните музичари, туку колективен продукт на анонимната музичка практика, детерминиран како таков во долгите еволутивни периоди. Првобитните форми на гласовите се создадени од поедини народи, населени на разни територии или градови од пространата Римска Империја. Врз основа на богатата ризница на напеви, создавани врз основа на разни гласови уште од најраниот христијански период, св. Јован Дамаскин (650-749), најголемиот теолог на своето време и реформатор на источното црковно пеење, го дефинира системот од осум гласови, познат како Октоих (гр. Октњхцој – осмогласник).

Се до времето на св. Јован Дамаски во црковно-музичката прак-тика во употреба биле петнаесетина гласови и нивни варијанти, карак-теристични за поедини региони и народи. Со цел да го поедностави и унифицира црковното пеење на поширокиот византиски простор, Св. Јован Дамаскин во својот осмогласник г вградил гласови со достаточна меѓусебна контраст и поширока примена во црковната практика и во песнопојната традиција на народите. На овој начин Дамаскин создаде универзален систем, кој стана заедничка основа на црковното пеење, а индиректно и на музичкото творештво на народите коишто се наоѓале во сферите на византиското културно влијание. Одовде произлегува и принципот на сродност на црковното и народното пеење, и тоа, не само во рамките на музичката култура на еден народ, туку на целокуп-ниот византиски простор.

**м-р Бранка Костиќ Марковиќ**

## *Новиот патриотизам и македонската новосоздадена песна*

Вековната борба на Македонија за националниот и политичкиот

идентитет сеуште трае. Иако во еден период до 90-те години на минатиот век македонската самобитност се наоѓаше под своевидна 40-годишна југословенска заштита, по губењето на истата, македонското прашање беше повторно афирмирано. Актуелните проблеми со името на земјата само ја кренаа температурата на нацијата до критично ниво. Ваквите состојби се рефлектираа и врз материјалната и духовната култура, а со тоа почнаа да се раѓаат и нови песни за нови јунаци. На повидок е нов жанр, кој би можел да биде именуван со „работниот наслов" - Нов патриотизам.

Новиот патриотизам во македонската народна музика се забележува во носталгично-утопистичкото барање на решение за разнишаниот национален идентитет преку дислоцирање на јужнословенските корени во антиката, создавањето на нови политички херои, кои треба да ја спасат земјата од внатрешните и надворешни непријатели, како и копнежот по изгубените македонски територии и урбаниот дух на македонските градови. Овие пориви изнедрија нови песни за анички војсководци, за актуелни и поранешни претседатели, премиери, министри, хашки затвореници, повторно популаризираа песни од Егејска Македонија, а иницираа и создавање на етно-групи и проекти со чалгиски призвук. Овој замав зема речиси застрашувачки димензии кога се рашири и во забавната музика преку нови поп и рок аранжмани на познати фолклорни теми и бледа ре-интерпретација на култните изведби на најпопуларните македонски народни песни, и тоа во рамките на проекти директно иницирани од државниот врв.
Сите овие елементи, како и големото присуство на споменатите новосоздадени творби во македонскиот медиумскиот простор, не́ наведоа на посериозно занимавање со "новиот жанр".

**д-р Младен Марковиќ**

***Кон музичката корпускула како основ за музичко-формална анализа на инструменталната традиција***

Во современите етномузиколошки истражувања се́ повеќе се објаснува тнр. контекст на музичко-фолклорните случувања. Од другата страна, таквите пристапи со години фаворизираат истражувања врзани за вокалната музичка традиција, бидејќи самиот текст многу полесно може да се доведе во врска со дадениот контекст.

Во последните години на полето на истражувањето на инструменталната музичка традиција забележуваме неколку обиди веќе

вообичаениот контекстуален пристап да се смени со музичко-формален, при што се развиваат нови методи на анализа и микро-анализа на музичко-фолклорната творба. Авторот на овој труд ќе се обиде, врз основа на вестергардовската хармонија и методата на паратаксис, да претстави идеја за музичка корпускула, како основа за музичко-формална анализа на инструменталната музичка традиција. Оваа метода ќе ја примениме на неколку примери од македонската музичка пракса.

**д-р Родна Величковска**

***Картографирањето и ареалните остражувања во етномузикологијата***

Картографирањето како една од главните методи при ареалното истражување мошне ефикасно се применува во науката за јазикот, како и во науките кои ги обработуваат појавите во областа на народната духовна и материјална кулура: дијалектологијата, етнологијата, етнолингвистиката и фолклористиката.

Ако ареалните истражувања во етнологијата и науката за јазикот имаат прилично развиена традиција, тогаш може да се рече дека истражувањата од ваков вид кои се вршат врз материјалите од традиционалната музичка култура во моментов се во фаза на зародиш, иако за потребата од ваков вид истражувања се пишувало уште пред седумдесеттите години од минатиот век.

Во традиционалната култура и фолклорот успехот на средување на елементите на картографирањето главно зависи од тоа како ќе биде опишан, подготвен (или дури можеби реконструиран) самиот предмет на истражување, од тоа кои од неговите елементи, фрагменти или структурни знаци ќе бидат земени за основа на ареалното истражување.

**Дојрана Прокпиева**

**ХОРСКОТО ТВОРЕШТВО НА ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ**

Хорското творештво на првата генерација македонски композитори на која припаѓа и Трајко Прокопиев го дава фундаментот од кој подоцна ќе се развива целокупното македонско музичко творештво. Заради тој факт, ова творештво до сега повеќепати било предмет на анализа на македонската музикологија. Она што сите музиколози го одредуваат како основа на индивидуалната музичка експресија на Прокопиев е музичкиот

фолклор. Во изворна или стилизирана форма, фоклорните елементи се проткајуваат низ страниците на целокупното негово творештво – од едноставните повеќегласни обработки на народни песни, преку хорските циклуси, до големите вокално-инструменталните дела. Фоклорното потекло на креативната мисла на Трајко Прокопиев игра клучна улога во развитокот на хорската музика во Македонија.

**д-р Денко Скаловски**

## НЕКОИ ИДЕЈНО-ЕСТЕТСКИ АСПЕКТИ НА ТВОРЕШТВОТО НА ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ

Во оваа кратка статија за делото на Трајко Прокопиев се анализираат некои идејни и естетски аспекти на неколку вокални, вокално-инструментални и инструментални дела од неговиот богат творечки опус (балетот Лабин и Дојрана, оперите Разделба и Кузман Капидан, хорските композиции Кумановка 3 и Кумановка 4, духовна, филмска и драмска музика).

Аналитичкиот прослед започнува со историскиот фон, битовата нарација и фолклорно-рустикалната поетика како инспиративни мотиви за авторот; продолжува со лоцирање на оригиналната, индивидуална творечка (над)градба и естетска имагинација и креација на авторот, и завршува со заклучни и критички согледби и вредносни судови за естетските квалитети и дострели на делото на Трајко Прокопиев.
Клучни зборови: естетика, фолклор, драматика, трагично, архетип

ЛИСТА НА УЧЕСНИЦИ

| Име и презиме | Контакт |
|---|---|
| **М-р Мирјана Павловска Шулајковска** | mirjanasulajkovska@yahoo.com |
| **Дојрана Прокопиева** | dojrana@gmail.com |
| **Д-р Денко Скаловски** | denko@fzf.ukim.edu.mk |
| **Јелица Тодорчевска** | jelicatodorcevska@yahoo.com |
| **Д-р Михајло Георгиевски** | g.mihajlo@yahoo.com |
| **Д-р Јане Коџабашија** | jane.kodjabashia@gmail.com |
| **Ивона Опетческа Татарчевска** | itatarcevska@ymail.com |
| **М-р Бранка Костиќ – Марковиќ** | branka@on.net.mk |
| **М-р Велика Стојкова Серафимовска** | lika73@yahoo.com |
| **М-р Младен Марковиќ** | mladenmarkovich@gmail.com |
| **Д-р Родна Величковска** | odnavel@yahoo.com |
| **М-р Александар Трајковски** | aleksandar23mk@yahoo.com |
| **М-р Владимир Талевски** | hak_sk@yahoo.com |
| **М-р Соња Здравкова-Џепароска** | zdravkova_dzeparoski@yahoo.com |
| **Стојан Стојков** | stojkov_stojan@yahoo.com |
| **М-р Ленче Насев** | leusinova@yahoo.co.uk |
| **Марко Коловски** | kmarko@mt.net.mk |